Australian Government

MACEDONIAN

# NATIONAL BOWEL CANCER SCREENING PROGRAM



## Информативна книшка

Национална програма за откривање рак на дебелото црево

**Благодарност:**

Австралиската влада сака да се заблагодари за вредниот придонес и поддршка што ги дадоа Medicare Australia и National Bowel Cancer Screening Program  Advisory Group (Советодавна група за Националната програма за откривање рак на дебелото црево), вклучувајќи ги државите и териториите, кон изработката на оваа Програма.

**National Bowel Cancer Screening Program - Information booklet**

ISBN: 1-74186-606-5

Online ISBN: 1-74186-607-3

Publications Number: P3 - 3865

Печатени изданија

© Commonwealth of Australia 2008

Ова дело е заштитено со авторски права. Освен за употреба предвидена со Законот за авторски права од 1968 г. (Copyright Act 1968), ниту еден негов дел не смее да се умножува на било кој начин без претходна писмена согласност од Сојузната влада. Барањата и прашањата во врска со умножувањето и авторските права треба да се упатат до Сојузната управа за авторски права: Commonwealth Copyright Administration, Attorney-General's Department, Robert Garran Offices, National Circuit, Barton ACT 2600 или да се испратат преку местото на интернет http://www.ag.gov.au/cca

Места на интернет

© Commonwealth of Australia 2008

Ова дело е заштитено со авторски права. Може да го симнувате, прикажувате, печатите и умножувате овој материјал само во неизменета форма (во која ќе се содржи и ова известување) за ваша лична употреба, за нетрговска употреба или за употреба во рамките на вашата организација. Освен за употребите предвидени со Законот за авторски права од 1968 г. (Copyright Act 1968), сите други права се заштитени. Барањата и прашањата во врска со умножувањето и авторските права треба да се упатат до Сојузната управа за авторски права: Commonwealth Copyright Administration, Attorney-General's Department, Robert Garran Offices, National Circuit, Barton ACT 2600 или да се испратат преку местото на интернет http://www.ag.gov.au/cca

---

Оваа информативна книшка не може да биде целосно сеопфатна и е наменета да служи само како водач. Книшката не треба да се користи како замена за лекарски совет, а ако сте на било каков начин загрижени за вашето здравје или ако имате натамошни прашања, треба за тоа да разговарате со вашиот лекар.

---

Информативна книшка



# Национална програма за откривање рак на дебелото црево

**Како се заштитени вашите лични поединости и приватноста ...**

Поединостите за луѓето што се поканети да учествуваат во Националната програма за откривање рак на дебелото црево ќе бидат запишани во Регистарот на Националната програма за откривање рак на дебелото црево.

Тој Регистар го води организацијата Medicare Australia. Тоа е истата организација што ги води вашите картони во Medicare. Може да бидете сигурни дека вашите лични информации и резултатите од проверките ќе бидат чувани во тајност и доверливо. Информациите што се чуваат во Регистарот се заштитени со Законот за приватност од 1988 г. *(Privacy Act 1988)* и нема да бидат откриени на начин спротивен на законот.

Натамошни информации во врска со Регистарот и заштитата на вашата приватност може да најдете во Додатокот на страница 21.



# Содржина

**Вовед** **5**

**За вашите црева** **6**

**За ракот на цревата** **7**
- Што е тоа рак на цревата? 7
- Колку често се јавува рак на дебелото црево? 8
- Што го предизвикува ракот на дебелото црево? 8
- Кои се знаците на рак на дебелото црево? 9
- Дали ракот на дебелото црево може да се излекува? 9
- Дали ракот на дебелото црево може да се спречи? 9
- Кој е изложен на опасност да добие рак на дебелото црево? 10
- Што значи тоа „значителен семеен историјат на рак на дебелото црево“? 10

**Испитувања за откривање на ракот на дебелото црево** **11**
- Што е тоа испитување за откривање? 11
- Што вклучува проверката FOBT? 11
- Што ќе се случи со моите резултати од проверката FOBT? 12
- Што покажува проверката FOBT? 13
- Што ако ми била извршена проверка за рак на дебелото црево преку некоја друга постапка? 13

**Што ќе се случи ако моите резултати се позитивни** **14**
- Како се прави колоноскопија? 14
- Дали има некакви опасности поврзани со колоноскопијата? 15
- Каде може да ми направат колоноскопија? 15
- Колку чини колоноскопијата? 16
- Што се случува ако се открие рак на дебелото црево? 16

Што ако колоноскопијата не покаже ништо? 16

**Национална програма за откривање рак на дебелото црево** **17**

Што опфаќа програмата? 17

Зошто само луѓето што навршуваат 50, 55 или 65 години се поканети да учествуваат во Програмата? 18

Не сакам да учествувам. Може ли мојата покана да ја дадам на некој друг? 18

Што ако ми треба уште еден комплет за проверка? 18

Што ако не можам да ги разберам упатствата за вршењето на проверката? 19

Дали мора да учествувам? 19

Што ако одлучам да не учествувам во Програмата? 19

Ако одлучите да истапите од Програмата 19

Ако одлучите привремено да истапите од Програмата 20

Што ако одлучам да истапам од Програмата, а потоа се предомислам? 20

**Додаток: Регистар** **21**

За што служи Регистарот? 22

Какви информации се чуваат во Регистарот? 23

За што ќе се користат тие информации? 23

Што ако моите лични поединости се неточни или се променат? 24

**За натамошни информации** **25**

**Места на интернет** **26**

**Формулар за истапување/привремено истапување** **27**



# Вовед

Околу еден од 18 мажи и една од 27 жени во Австралија ќе добијат рак на дебелото црево пред да навршат 75 години. Тоа е една од највисоките стапки на појава на рак на дебелото црево во светот. Секоја година медицински се утврдуваат околу 12.900 нови случаи на појава на рак на дебелото црево, а околу 4100 луѓе умираат од оваа болест. Со тоа ракот на дебелото црево го зазема второто место по бројот на умирања од рак, веднаш после ракот на белите дробови.

Добра вест е тоа што ракот на дебелото црево е тип на рак што спаѓа меѓу најлесните за лекување ако се открие навреме. Ако ракот се открие пред да се прошири надвор од дебелото црево, изгледите да се преживее уште најмалку пет години по поставувањето на наодот се 90%. Раното откривање дава најголема надеж за намалување на бројот на Австралијците што умираат секоја година од рак на дебелото црево.

Втората фаза од Националната програма за откривање рак на дебелото црево почна на 1 јули 2008 г. и ќе им нуди проверки на луѓето што навршуваат 50, 55 или 65 години меѓу јануари 2008 г. и декември 2010 г. Вие бевте одбрани да учествувате во оваа фаза од програмата.

Оваа книшка ве запознава со најважните факти за ракот на дебелото црево, за едноставната проверка за откривање рак на дебелото црево, што се нарекува „проверка за траги од крв во изметот“ (Faecal Occult Blood Test) или FOBT, и за други проверки за откривање рак на дебелото црево. Таа исто така ви кажува како може да ја намалите опасноста да умрете од рак на дебелото црево со тоа што ќе правите проверки за откривање рак на дебелото црево.

# За вашите црева

Вашите црева се дел од вашиот систем за варење на храната. Тие го поврзуваат желудникот со анусот (чмарот), од каде што отпадните материи (што се викаат измет или фекалии) се исфрлаат надвор од телото. Задачата на цревата е да го довршат варењето на храната преку впивање на водата и хранливите состојки.

Вашите црева се состојат од три дела:

- танко црево – што главно ги впива хранливите состојки од разложената храна;
- дебело црево – што главно ја впива водата; и
- задно црево или ректум – во кој се складираат отпадните материи пред да бидат исфрлени од телото преку анусот.

Дебелото црево и задното црево заеднички се нарекуваат дебело црево. Ракот на цревата најчесто се јавува на дебелото црево. Ракот на дебелото црево се нарекува уште и колоректален рак. Ракот на танкото црево ретко се јавува.




Сликите на страниците 6 и 7 се приспособени од оригинални слики што љубезно ни ги отстапи Викторискиот совет за рак (Cancer Council Victoria).





# За ракот на цревата

## Што е тоа рак на цревата?

Ракот на цревата е злоќуден (малиген) израсток што најчесто се јавува во внатрешноста на дебелото црево. Повеќето ракови на цревата се развиваат од ситни израстоци што се нарекуваат „полипи". Полипите личат на мали дамки на слузницата на цревата, или на цреши со дршки. Не се претвараат сите полипи во рак. Ако полипите се отстранат, се намалува опасноста да добиете рак на дебелото црево.

## Зачнувањето на рак на дебелото црево



## Колку често се јавува рак на дебелото црево?

Ракот на дебелото црево е најчестиот вид рак што се јавува внатре во организмот, со околу 12.900 нови случаи секоја година. Тој исто така е и главната причина за смрт од рак бидејќи секоја недела од рак на дебелото црево умираат околу 80 Австралијци. Во текот на 2003 г., ракот на белите дробови, на дебелото црево, на простатата и на дојката беа најчестите причини за смрт од рак во Австралија, како што е прикажано на Слика 1.

**Слика 1: Број на смртни случаи од најчестите видови внатрешни ракови во Австралија, 2003 г.**




## Што го предизвикува ракот на дебелото црево?

Тешко е да се наведе една причина. Меѓутоа, кај повеќето луѓе возраста и начинот на исхрана може да придонесат за појава на рак на дебелото црево



## Кои се знаците на рак на дебелото црево?

Ракот на дебелото црево може да настане без да даде никакви очигледни знаци. Затоа е многу важно да се вршат проверки. Меѓутоа, во знаци може да спаѓаат:

- крварење од задното црево или било какви траги од крв по вршење голема нужда;
- скорешни и постојани промени во вашите навики за вршење голема нужда, на пример, ако имате поретка столица, тежок запек и/или ако треба да одите во клозет почесто од вообичаено;
- необјаснив замор (знак за слабокрвност);
- болки во стомакот.

**ЗАПОМНЕТЕ:** Ако забележите било кој од овие знаци, тоа не значи дека имате рак на дебелото црево, но многу е важно за нив да поразговарате со вашиот лекар.

## Дали ракот на дебелото црево може да се излекува?

Ракот на дебелото црево спаѓа во оние типови на рак што најуспешно се лекуваат ако се открие навреме.

## Дали ракот на дебелото црево може да се спречи?

Иако ниеден вид рак не може сосем да се спречи, може да ја намалите опасноста да добиете рак на дебелото црево со тоа што ќе се храните здраво и редовно ќе вежбате.

Никогаш не е предоцна да внесете промени во вашиот начин на исхрана и на живот. Ако сакате повеќе информации за здравата исхрана, зборувајте со вашиот лекар, јавете се на Информативната телефонска линија на **1800 118 868** за да ви испратат информативна книшка, или појдете на местото на интернет на Програмата на **www.cancerscreening.gov.au**

## Кој е изложен на опасност да добие рак на дебелото црево?

И мажите и жените се изложени на опасност да добијат рак на дебелото црево. Опасноста е поголема ако:

- сте на возраст од 50 и повеќе години – опасноста се зголемува со возраста;
- сте имале воспалително заболување на цревата, како што е Кроновата болест или воспаление на цревата - колитис;
- претходно сте имале некои специјални типови на полипи во цревата, што се викаат аденоми; или
- ако имате значителен семеен историјат на рак на дебелото црево или на полипи.

## Што е тоа „значителен семеен историјат на рак на дебелото црево“?

Се смета дека имате значителен семеен историјат на рак на дебелото црево ако ваш близок роднина (родител, брат, сестра или дете) заболел од рак на дебелото црево на млада возраст (пред да наврши 50 години), или ако повеќе од еден роднина од истата страна на вашето семејство добил рак на дебелото црево.

Повеќе од 75% од луѓето што заболуваат од рак на дебелото црево немаат семеен историјат на рак на дебелото црево.

Ако мислите дека имате семеен историјат на рак на дебелото црево, треба да зборувате со вашиот лекар за опасноста и вие да заболите од оваа болест.





# Испитувања за откривање рак на дебелото црево

## Што е тоа испитување за откривање?

Испитувањето за откривање вклучува проверки за рак на дебелото црево кај луѓето кај кои нема никакви очигледни знаци на болеста. Целта е да се открие постоењето на било какви полипи или рано да се открие ракот, кога тие полесно можат да се лекуваат и да се излекуваат.

Ракот на дебелото црево може да се развие без да даде никакви рани знаци за предупредување. Ракот може да расте на внатрешниот ѕид на цревото неколку години пред да се рашири во другите делови на телото. Од тие израстоци често истекуваат многу мали количества крв и се исфрлаат со изметот пред да бидат забележани било какви други знаци.

Проверката што се нарекува „проверка за траги од крв во изметот" (Faecal Occult Blood Test) или FOBT може да ги открие тие мали количества крв во вашиот измет. Со проверката FOBT се проверува дали има крв во вашиот измет, но не и дали имате рак на дебелото црево. Иако ниедна проверка за откривање не е 100% точна, проверката FOBT засега е најдобро испитаната проверка за откривање рак на дебелото црево.

Ако кај вас се јават било кои од знаците за рак на дебелото црево, или ако дознаете дека имате семеен историјат на рак на дебелото црево, треба да се јавите кај вашиот лекар колку што е можно поскоро.

## Што вклучува проверката FOBT?

Проверката FOBT е едноставна проверка што може да ја направите дома пред да ја испратите во патолошката лабораторија за анализа. Проверката е брза, лесна и безболна. За да се зголемат шансите да се откријат малите количини крв во вашиот измет, ќе треба да земете примероци од две засебни столици.  Бидејќи за проверката е потребно да се земат примероци од две засебни столици, не е практично проверката да се прави во ординацијата на вашиот лекар.

Комплетот за проверка FOBT содржи лист со упатства, па затоа прочитајте ги внимателно пред да ја направите проверката.

Треба да ја завршите проверката FOBT колку што е можно побрзо, и да се погрижите секогаш да се чува на студено место (на температура не повисока од 25°Ц). Ако живеете во клима каде што собната температура е повисока од таа, може да ги чувате примероците за FOBT во фрижидерот, но држете ги понастрана од храната и немојте да ги замрзнувате.

Откако ќе ги соберете примероците, испратете ги во патолошката лабораторија на проверка така што ќе ги ставите во пликот што е приложен во комплетот. Кога ги испраќате вашите примероци за FOBT на анализа, ќе треба во пликот да го приложите и вашиот потпишан Формулар со поединости за учесникот (Participant Details Form). Ве поттикнуваме на формуларот да го наведете името на вашиот лекар. Ако немате редовен лекар, туку здравствени услуги добивате во амбуланта или служба, на пример, во Здравствена служба за Абориџини, тогаш може да ја наведете таа служба. Потоа лабораторијата ќе ги испрати резултатите од вашата проверка кај вашиот лекар (ако го наведете).

Ако имате позитивни резултати при проверката, ќе треба за резултатите да зборувате со вашиот лекар.

## Што ќе се случи со моите резултати од проверката FOBT?

Резултатите ќе ви бидат испратени на вас, на вашиот лекар (ако сте го навеле), а исто така и на Регистарот, по околу две недели откако на лабораторијата ќе и ги испратите вашите примероци.

Ако решите да излезете од Програмата откако сте испратиле примероци FOBT за анализа, резултатите од проверката ќе ви бидат испратени на вас и на вашиот лекар (ако сте го навеле).



## Што покажува проверката FOBT?

Ако во примероците што сте ги испратиле во лабораторијата не е најдена крв, вашиот FOBT резултат е негативен. Меѓутоа, тоа не значи дека немате, или дека никогаш не може да добиете рак на дебелото црево, бидејќи некои ракови на дебелото црево не крварат, или крварат само повремено.

Ако кај вас се појават било какви знаци на рак на дебелото црево откако сте добиле негативен резултат, веднаш појдете кај вашиот лекар.

Ако во примероците што сте ги испратиле во лабораторијата има крв, вашиот FOBT резултат е позитивен. Околу едно од 13 лица имаат позитивен резултат кој покажува присуство на крв. Ова присуство на крв може да се должи и на други здравствени состојби, а не само на рак, како што се полипи, хемороиди, или воспаление на дебелото црево, но причината за крварењето треба да се испита. Ако се открие крв, ќе ве замолат да се јавите кај вашиот лекар за да поразговарате за резултатот.

## Што ако ми била извршена проверка за рак на дебелото црево преку некоја друга постапка?

Ако ја добивте оваа покана но:

- во последните 12 месеци сте имале некое заболување на дебелото црево што сега го лекувате; или
- сте имале колоноскопија во текот на последните пет години; или
- закажана ви е колоноскопија во текот на наредните неколку недели;

ве молиме поразговарајте со вашиот лекар за вашето учество во Програмата за откривање и известете го Регистарот ако вашиот лекар ви препорача дека нема потреба да учествувате во Програмата.



# Што ќе се случи ако моите резултати се позитивни

Ако резултатите од вашата проверка FOBT се позитивни, ќе треба за резултатите да разговарате со вашиот лекар. Вашиот лекар може да препорача да се извршат натамошни проверки, вклучувајќи и колоноскопија, за да се открие причината за крварењето. Треба да зборувате со вашиот лекар за сите опасности поврзани со таквите проверки.

## Како се прави колоноскопија?

Колоноскопија е постапка за испитување на дебелото црево. Вообичаениот начин на кој се врши колоноскопија е опишан подолу.

Дента пред колоноскопијата од вас ќе побараат да испиете специјална течност за да ви помогне да го испразните дебелото црево. На денот на постапката може да ви дадат слаба опојка (седатив) од која ќе почувствувате дремка. Потоа лекарот ќе вовлече тенко свивливо цевче во вашето задно црево. Цевчето се вика колоноскоп. На него е прицврстена многу мала камера што му овозможува на лекарот да види дали во дебелото црево има полипи или израстоци на рак.

Самата проверка трае околу 20 до 30 минути и обично се врши во болница или во дневна болница. Откако ќе заврши постапката, ќе останете во просторијата за закрепнување во болницата околу два часа за да престане дејството на опојката.

Потоа може да си одите дома. Бидејќи ќе примите блага опојка, многу е важно да не возите кола, да не патувате сами со јавен превоз, да не управувате со машини, да не потпишувате правни документи и да не пиете алкохол во текот на 24 часа после вашата проверка.

Ако лекарот види некакви полипи, обично веднаш ќе ги отстрани и ќе ги провери дали се рак. После постапката може да чувствувате мала неудобност, но тоа брзо ќе мине. Не би требало да почувствувате никаква болка.

Натамошни подробности за колоноскопијата може да се најдат на местото на интернет на Програмата: **www.cancerscreening.gov.au**





## Дали има некои опасности поврзани со колоноскопијата?

Колоноскопијата може да предизвика компликации. Меѓу тешките компликации може да спаѓаат перфорирање (продупчување) на ѕидот на дебелото црево (се случува околу еднаш на 1000 прегледи) и/или поголемо крварење од дебелото црево (се случува околу 3 пати на 1000 прегледи).

Исто така може лошо да реагирате на средството за празнење на дебелото црево и/или на седативите/опојката. Ретки несакани последици може да настанат при било која постапка. Сосем мала е веројатноста оваа постапка да предизвика смрт.

Важно е за опасностите и користите да зборувате со вашиот лекар пред да се согласите на било каква постапка, вклучувајќи и колоноскопија.

## Каде може да ми направат колоноскопија?

Колоноскопија обично се прави во болница или во дневна болница, а постапката ја спроведува лекар специјалист. Обично ќе ви треба упат од вашиот лекар, а може да бидете упатени и како државен и како приватен пациент.

Во некои делови на Австралија има листи на чекање за колоноскопија. Ако сте загрижени, треба најпрво да поразговарате за тоа со вашиот лекар.

## Колку чини колоноскопијата?

Државата преку Medicare покрива дел од цената на колоноскопијата што се врши во приватниот сектор. Во зависност од тоа дали колоноскопија ви правеле како државен или како приватен пациент, можеби ќе треба да платите дополнителна разлика. За можната цена ќе треба да разговарате со вашиот лекар и со фондот за здравствено осигурување.

## Што се случува ако се открие рак на дебелото црево?

Обично ќе ви биде потребна операција ако ви биде откриен рак на дебелото црево. Ако ракот се открие во рана фаза, постои висока веројатност дека ќе бидете сосем излекувани. Повеќето луѓе ќе можат да продолжат со својот вообичаен начин на живот.

## Што ако колоноскопијата не покаже ништо?

Негативните резултати од колоноскопијата значат дека не биле откриени полипи или израстоци на рак. Меѓутоа, ниту една проверка не е 100% сигурна па затоа, ако во меѓувреме кај вас се појави било кој од знаците опишани во оваа книшка, ќе треба веднаш да појдете кај вашиот лекар.





# Национална програма за откривање рак на дебелото црево

Националната програма за откривање рак на дебелото црево ја воведе австралиската влада во соработка со владите на државите и териториите за да помогне за раното откривање на ракот на дебелото црево и да го намали бројот на Австралијци што секоја година умираат од оваа болест.

## Што опфаќа Програмата?

Во текот на следните три години, до 2,5 милиони Австралијци што навршуваат 50, 55 или 65 години меѓу јануари 2008 г. и декември 2010 г. ќе бидат поканети да учествуваат во Програмата за откривање рак на дебелото црево.

Имињата и адресите на луѓето што ги исполнуваат условите да учествуваат во Програмата беа извлечени од записите што ги имаат Medicare или Одделот за ветерански работи (Department of Veterans' Affairs). Начинот на кој се испраќаат поканите за учество во Програмата за откривање ќе се разликува во секоја држава и територија, при што некои луѓе ќе ги добиваат своите покани околу роденденот, а други ќе ги добиваат поканите истовремено со другите учесници што живеат во нивното подрачје.

На луѓето што ги исполнуваат условите им е испратен комплет за проверка за рак на дебелото црево (FOBT) по пошта и од нив ќе биде побарано да земат примероци од две засебни столици пред да ја испратат завршената проверка назад во лабораторијата заради анализа. Вршењето на проверката е бесплатно.

Националниот совет за здравство и медицински истражувања (National Health and Medical Research Council) препорачува проверка со FOBT на секои две години почнувајќи од 50-годишна возраст. Меѓутоа, Националната програма за откривање рак на дебелото црево нуди само еднократна проверка FOBT. Ако сакате да вршите редовни проверки FOBT, треба да разговарате со вашиот лекар.

## Зошто само луѓето што навршуваат 50, 55 или 65 се поканети да учествуваат во Програмата?

Истражувањата покажуваат дека опасноста од појава на рак на дебелото црево значително се зголемува по навршувањето на 50 години. Националниот совет за здравство и медицински истражувања препорачува дека организираните проверки FOBT кај луѓето кај кои постои просечен степен на опасност треба да почне на возраст од 50 години.

Важно е програмата за откривање да се воведе постепено за да се пружи доволно време и да се осигура дека здравствените служби, како што се службите за колоноскопија, се во состојба да ја задоволат зголемената побарувачка. Затоа, во текот на оваа фаза од Програмата, само луѓето што навршуваат 50, 55 или 65 години меѓу јануари 2008 г. и декември 2010 г. се поканети да учествуваат. Ако други членови на вашето домаќинство не спаѓаат во оваа старосна група, тие нема да добијат покана да учествуваат во оваа фаза од Програмата.

## Не сакам да учествувам. Може ли мојата покана да му ја дадам на некој друг?

Не. Засега бесплатната проверка може да ја добијат само оние луѓе што се поканети да учествуваат во Програмата. Ако познавате некој што сака да изврши проверка за рак на дебелото црево, или е загрижен за своето здравје, треба да го посоветувате да се јави кај неговиот лекар.

## Што ако ми треба уште еден комплет за проверка?

Ако го загубите или оштетите вашиот комплет за проверка и ви треба нов, ве молиме јавете се на Информативната телефонска линија на **1800 118 868**.
Ве молиме запомнете дека на секој учесник во Програмата ќе му бидат издадени само два нови комплета за замена. Ако сте го потрошиле ова ограничување за нови комплети, а сепак ви е потребна проверка, треба да се јавите кај вашиот лекар.



## Што ако не можам да ги разберам упатствата за вршењето на проверката?

Јавете се на Телефонската линија за помош околу проверката FOBT на **1300 738 365** ако не сте сигурни како да ја направите проверката. Тие ќе ве водат низ неа чекор по чекор.

## Дали мора да учествувам?

Не. Учеството во Програмата е доброволно – тоа е ваш избор.

Ако не ја завршите проверката FOBT, ќе ви биде испратено едно писмо за потсетување.

## Што ако одлучам да не учествувам во Програмата?

### *Истапување од Програмата*

Ако одлучите да не учествувате во Програмата, може да истапите од неа.

Ако одберете да истапите од Програмата, нема да добиете никакви писма за потсетување за оваа фаза, и нема да бидете поканети да учествувате во проверките во ниедна идна фаза, освен ако не го известите Регистарот дека сакате да учествувате.

Може да истапите од Програмата така што ќе го пополните делот за отстапување во формуларот на страница 27 од оваа информативна книшка, или ако телефонирате на Информативната телефонска линија на **1800 118 868**. Ако истапите по телефон, ќе ви биде испратено писмо за потврда.

Ако истапите од Програмата откако сте ја направиле проверката FOBT и сте ја испратиле на анализа, резултатите од проверката сепак ќе ви бидат испратени на вас и на вашиот лекар (ако го наведете).

Ако имате позитивни резултати од проверката, а сте одлучиле да истапите од Програмата, Регистарот нема да ви испраќа на вас (или на вашиот лекар, ако сте го навеле) писма за потсетување дека треба да зборувате за резултатите од вашата проверка со вашиот лекар и/или да извршите дополнителни проверки.

Ве молиме запомнете дека ако истапите во текот на оваа фаза од Програмата, нема да бидете поканети да учествувате во проверките во ниедна идна фаза, освен ако го известите Регистарот дека сакате да учествувате.

### *Привремено истапување од Програмата*

Ако не сте во можност да учествувате во Програмата сега, но би сакале да учествувате во скорешна иднина, може привремено да истапите од Програмата.

Тоа може да го направите така што ќе го пополните делот за привремено истапување на страница 27 од оваа информативна книшка, или ако телефонирате на Информативната телефонска линија на **1800 118 868**. Ако привремено истапите по телефон, ќе ви биде испратено писмо за потврда.

Ако одлучите привремено да истапите од Програмата, ќе ве замолат да кажете кога би сакале да продолжите со учеството во неа. Откако ќе истече привремениот период, Регистарот пак ќе почне да ви праќа покани за проверки и други дописи.

Ве молиме запомнете дека кога ќе ја направите проверката FOBT и ќе ја испратите за анализа, резултатите од проверката ќе ви бидат испратени на вас и на вашиот лекар (ако сте го навеле), дури и ако сте назначиле дека сакате привремено да истапите од Програмата.

## Што ако одлучам да не учествувам во Програмата, а потоа се предомислам?

Ако сте одлучиле да не учествувате во Програмата во текот на оваа фаза, а потоа одлучите дека сакате пак да учествувате во оваа или во идните фази, мора да ја известите Информативната телефонска линија на **1800 118 868**.



# Додаток: Регистар на Националната програма за откривање рак на дебелото црево

Организацијата Medicare Australia, која раководи со поголемите државни здравствени програми, како што е Medicare, соработува со Одделот за здравство и постари луѓе (Department of Health and Ageing) при спроведувањето на Националната програма за откривање рак на дебелото црево. За да ве покани да учествувате во Програмата, Medicare Australia го избра вашето име или од записите за картоните на Medicare, или од записите на Одделот за ветерански работи, во согласност со одредбите за оваа служба од подделот 7(2) од Законот за Medicare Australia од 1973 г. *(Medicare Australia Act 1973).*

Улогата на Medicare Australia во Програмата е да помогне околу административните работи, вклучувајќи:

- воспоставување на Регистарот;
- прибирање информации за учеството во Програмата и за резултатите од проверките; и
- испраќање на поштенска преписка.

Може да бидете сигурни дека вашите лични информации и резултати од проверките ќе се чуваат во приватност и доверливо. Информациите содржани во Регистарот се заштитени со закон (Закон за приватноста од 1988 г.), а вашите лични поединости ќе бидат откриени само во согласност со Принципите за приватност на информациите од тој Закон.

## За што служи Регистарот?

Регистарот игра важна улога во Програмата. За да им помогне на учесниците во текот на проверките, Регистарот:

- ќе им испрати предпокана и покана на луѓето што навршуваат 50, 55 или 65 години меѓу јануари 2008 г. и декември 2010 г.;
- ќе им испрати писма за потсетување на луѓето што не одговориле на поканата за учество во определен временски рок;
- ќе ги заведува поединостите за учесниците, вклучувајќи го историјатот на проверките, резултатите од проверките FOBT, и резултатите од други проверки како што е колоноскопијата, кои следуваат ако резултатите од проверката FOBT се позитивни;
- ќе ги потврдува контактните поединости на патолошката лабораторија надлежна за анализирање на комплетите FOBT;
- ќе испраќа писма за потсетување или ќе се јавува по телефон (кога е тоа потребно) кај учесниците со позитивен резултат од проверката FOBT за да ги поттикне да појдат кај нивниот лекар за натамошни проверки заради поставување на медицински наод;
- ќе испраќа писма за потсетување или ќе се јавува по телефон (кога е тоа потребно) кај наведените лекари на учесниците;
- ќе им дава информации за проверките и за историјатот на резултатите на наведените лекари, на координаторите на Програмата и на службениците задолжени за откривање рак на дебелото црево во владите на државите/териториите за да помогнат околу медицинската нега на учесниците; и
- ќе ги проверува податоците од барањата за враќање пари од Medicare (пред да испрати потсетник) за да утврди дали било поднесено барање заради трошоци направени за зафат на дебелото црево. Ако било поднесено такво барање, Регистарот ќе ја заведе постапката и ќе му пише на давателот на здравствени услуги за да ги побара резултатите од постапката.



## Какви информации се чуваат во Регистарот?

Во Регистарот се чуваат поединости како што се вашето име, контактни поединости, возраст, пол, број под кој сте заведени во Medicare, резултати од проверки, и името на вашиот наведен лекар. Резултатите од сите идни проверки што ќе ги правите, како што се колпоскопијата или биопсијата, исто така се заведуваат.

## За што ќе се користат тие информации?

Medicare Australia ќе ги користи вашите лични поединости:

- за да ве покани да учествувате во проверките;
- за да ве потсети да ја направите вашата проверка FOBT;
- за да и ги даде вашите контактни поединости на патолошката лабораторија надлежна за анализа на вашата проверка FOBT;
- за да ги провери барањата до Medicare и до Одделот за ветерански работи поднесени во врска со прегледи на дебелото црево, ако е тоа потребно, и ќе се јави кај давателот на здравствени услуги за да побара тој да поднесе соодветни извештаи до Регистарот; и
- за да праќа писма за потсетување и/или да се јавува по телефон (кога е тоа потребно) кај вас или кај вашиот наведен лекар.

Вашето име и датум на раѓање ќе му бидат доставени на Австралискиот институт за здравје и добросостојба (Australian Institute of Health and Welfare - AIHW) заради споредба со податоците од регистарот за рак, како доказ дека Програмата спасува животи. Доставувањето на податоците до AIHW подлежи на одредбите за тајност од Законот за Австралискиот институт за здравје и добросостојба од 1987 г. *(Australian Institute of Health and Welfare Act 1987).*

Откривањето на овие информации на AIHW е одобрено преку одредбите за службата од поддел 7(2) од Законот за Medicare Australia од 1973 г. *(Medicare Australia Act 1973).*

Вашето име, контактни поедности и поединости за проверките исто така може да им бидат дадени:

- на вашиот наведен лекар;
- на медицинските специјалисти кај кои можеби ќе бидете упатени;
- на координаторите на Програмата; и
- на службениците задолжени за откривање рак на дебелото црево

во владите на државите/териториите за да помогнат околу вашата медицинска нега во врска со откривањето рак на дебелото црево.

Непрепознатливите информации (односно информациите од кои не може да се познае за кое лице се работи) од Регистарот ќе им се доставуваат на сојузните оддели и на одделите во државите и териториите заради статистички, истражувачки и развојни цели, на пример, за да се види колку луѓе учествувале во Програмата и колку случаи на рак биле откриени. Никој не ќе може да препознае дека станува збор за вас од информациите што Регистарот ќе ги доставува за овие намени.

## Што ако моите лични поединости се неточни или се променат?

Ако вашите лични поединости (како што се адресата, телефонскиот број или лекарот) се променат или се неточно заведени во текот на Програмата, ве молиме телефонирајте на Информативната телефонска линија на **1800 118 868**.





# За натамошни информации

**FOBT Helpline**
**(Телефонска линија за помош**
**околу проверката FOBT):** **1300 738 365**

за информации како да ја направите проверката за откривање траги од крв во изметот (Faecal Occult Blood Test - FOBT).

---

**National Bowel Cancer Screening Program Information Line**
**(Информативна телефонска линија на Националната програма за откривање рак на дебелото црево):** **1800 118 868**

---

**Cancer Council Helpline**
**(Телефонска линија за помош на Советот за рак):** **13 11 20**

Советот за рак во вашата држава или територија пружа доверливи услуги при што за работите што ве загрижуваат или ако имате прашања во врска со ракот може да зборувате со специјално обучен персонал. Персоналот може да ви испрати писмени информации и може да ве поврзе со службите во вашето локално подрачје.

---

**Translating and Interpreting Service**
**(Преведувачка служба):** **13 14 50**

---

**TTY** **1800 552 152**

Машина за пишување по телефон за да им се помогне на луѓето со оштетен слух.

---

# Места на интернет

National Bowel Cancer Screening Program
(Национална програма за откривање рак на дебелото црево)
**www.cancerscreening.gov.au**

Совети за рак во државите/териториите

| | |
|---|---|
| New South Wales | **www.nswcc.org.au** |
| Victoria | **www.cancervic.org.au** |
| Queensland | **www.qldcancer.com.au** |
| South Australia | **www.cancersa.org.au** |
| Tasmania | **www.cancertas.org.au** |
| Western Australia | **www.cancerwa.asn.au** |
| ACT | **www.actcancer.org** |
| Northern Territory | **www.cancercouncilnt.com.au** |

Cancer Council Australia (Австралиски совет за рак) **www.cancer.org.au**

Health Insite **www.healthinsite.gov.au**

Gastroenterological Society of Australia
(Австралиско здружение за заболувања
на системот за варење и внатрешни заболувања) **www.gesa.org.au**

The Bowel Cancer and Digestive Research Institute (Институт за
истражување на ракот на дебелото црево и на системот за варење)
**www.itscrunchtime.org**



## Национална програма за откривање рак на дебелото црево

### Формулар за истапување/привремено истапување од Програмата

Пред да го пополните овој формулар, ве молиме прочитајте ги следните делови на страница 19 и 20 од оваа книшка: **Истапување** и **привремено истапување** од Програмата

**Овој формулар мора да го потпише лицето што истапува или привремено отстапува од Програмата.**

---

### ИСТАПУВАЊЕ

**Одлука да не се учествува во Програмата сега ниту во иднина**

Не сакам да учествувам во Националната програма за откривање рак на дебелото црево. Ги прочитав страница 19 и 20 од оваа информативна книшка и разбирам што значи за мене истапувањето од Програмата.

Број за идентификација (ID number) | | | | | | | | | | |

(ќе го најдете во горниот дел на вашето писмо за поканување)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Презиме | | Датум на раѓање | / / |
| Име | | Жена ☐ | Маж ☐ |
| Потпис | | Датум | / / |

---

### ПРИВРЕМЕНО ИСТАПУВАЊЕ

**Одлука да не се добиваат дописи од Регистарот во текот на извесен временски период**

Сакам привремено да истапам од Програмата.
Ја прочитав страница 20 од оваа информативна книшка и разбирам што значи за мене привременото истапување од Програмата.

Датум на кој ќе се продолжи со учеството во Програмата / /

Број за идентификација (ID number) | | | | | | | | | | |

(ќе го најдете во горниот дел на вашето писмо за поканување)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Презиме | | Датум на раѓање | / / |
| Име | | Жена ☐ | Маж ☐ |
| Потпис | | Датум | / / |

---

### УПАТСТВА (Ве молиме запомнете, не треба да ставате поштенска марка)

Откако ќе го пополните овој формулар, ве молиме скинете го од книшката и испратете го до Регистарот на Националната програма за откривање рак на дебелото црево на следната адреса:

**NBCSP Register**
**Reply Paid 83061**
**Hobart TAS 7001**

**Национална програма за откривање рак на дебелото црево**

**Информативна телефонска линија 1800 118 868**

Од понеделник до петок во работно време (8.30 ч. претпладне до 5.00 ч. попладне) во секоја држава и територија

**Преведувачка служба 13 14 50**

**Машина за пишување по телефон (TTY) 1800 552 152**